ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци- во стечај, по одржаното Завршно Собрание на доверители на ден 10.10.2024 година, во присуство на доверителот РСМ МФ УЈП ДГДО Скопје застапуван од ДП на РСМ за град Велес Валерија Николова, доверителот Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО Кавадарци во стечај застапуван од полномошник адвокат Александар Ѓорѓиевски од Велес, доверителот Министерство за финасии - царинска управа застапуван од полномошник Маринела Бојаџиева, дипломиран правник вработена кај доверителот со положен правосуден испит и стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип, а по доставен предлог од стечајниот управник на должникот, на ден 07.11.2024 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци- во стечај, со седиште Населено Место без уличен систем Возарци, Кавадарци со ЕМБС 6314457 и ЕДБ 4011008501021 СЕ ЗАКЛУЧУВА.

Заклучувањето на стечајната постапка да се запише во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во другите регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип да продолжи да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките по предметите пред судови и тоа предмет на Основен суд Велес ПЛ-ТС 2/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ1-ТС 1/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ - ТС 4/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ - ТС 6/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ - ТС 5/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ-ТС 3/23, да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките пред извршители, нотари и други органи и институции во државата и странство, како и да ги превзема сите дејствија кои во иднина би настанале, а кои се однесуваат на наплата на побарувања, заштита на стечајната маса и интересите на стечајните доверители, при што доколку се создаде стечајна маса истата ќе биде предмет на дополнителна (одложена) распределба во постапка предвидена со Законот за стечај.

Должникот НЕ СЕ БРИШЕ од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија и другите регистри.

Извадок од решението да се објави во Службен весник на РСМ, на огласна табла на судот и на веб страницата на Централен регистар на РСМ.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение на овој суд Ст.бр.10/18 од 22.03.2018 година, отворена е стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци- во стечај, во рамките на која е одржано извештајно рочиште на кое доверителите го прифатија предлогот на стечајниот управник деловниот потфат на должникот да се затвори (ликвидира) и да се впаричи имотот кој влегува во стечајната постапка.

Во рамките на стечајната постапка на ден 12.07.2024 година и 19.07.2024 година, одржана е седница на Одбор на доверители на која се донесени одлуки со кои е дадена согласност на предлог-планот за конечна распределба, завршната сметка и завршниот извештај изготвени од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип. Со писмен поднесок примен во судот на ден 24.07.2024 година, стечајниот управник до судот ги достави планот за конечна распределба, завршната сметка и завршниот извештај кои добиле согласност од Одборот на доверители. Според планот за конечна распределба,

распределени се средства во вкупен износ од 202.078.140,00 денари, од кои приоритетни побарувања на вкупно 15 доверители во износ од 435.179,00 денари, процент на намирување 100 % и износ на намирување во висина 435.179,00 денари и побарувања од повисок исплатен ред во износ од 442.544.946,00 денари, процент на намирување 45,56% и износ на намирување во висина од 201.642.961,00 денари.Стечајниот управник појасни дека овој план е сублимат на петте авансни распределби, средствата се распределени и со последната петта авансна распределба се распределени сресвата кои претходно биле резервирани за пристаништето од Солун и за фирмата ЗОКИ ТРАНШПЕД. Со оглас на Основен суд Велес од 15.08.2024 година, кој е објавен на огласна табла и веб сајтот на Основен суд Велес на ден 16.08.2024 година, и оглас на стечајниот управник објавен во дневен весник Нова Македонија на 15.08.2024 година и веб страницата на ЦР на РСМ на ден 15.08.2024 година, известени се стечајните доверители дека во стечајната постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци - во стечај, со седиште Населено Место без уличен систем Возарци, Кавадарци со ЕМБ 6314457 и ЕДБ 4011008501021, на ден 12.07 и 19.07.2024 година е одржана седница на Одбор на доверители на која се донесени одлуки со кои е дадена согласност на предлог-планот за конечна распределба, завршната сметка и завршниот извештај изготвени од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип, дека истите се доставени во стечајниот предмет, а стечајните доверители може да извршат увид во истите и се известени стечајните доверители дека согласно чл. 196 ст.5 од Законот за стечај, против предлог-планот за конечна распределба имаат право на приговор во рок од 8 дена од денот на објавувањето на огласна табла во судот. Во рокот од 8 дена од денот на објавувањето на огласна табла во судот, не се пристигнати приговори од стечајните доверители, после што судот донесе решение СТ бр.10/18 од 06.09.2024 година со кое планот за конечна распределба го одобри. Согласно чл.197 од Законот за стечај, свикано е завршно собрание на доверители.

На одржаното Собрание на доверители на ден 10.10.2024 година присуствуваа доверители со утврдени побарувања од 13,269% од вкупно утврдените побарувања со право на глас, и истите по разгледување и расправање по точките од дневниот ред гласаа и тоа по првата точка од дневниот ред „ЗА“ усвојување на Завршната сметка, Завршниот извештај и извештајот за состојба на предмети изготвен од адвокат Тодор Димов од Велес заклучно со ден 09.10.2024 година, гласаат 11.663% од доверителите со право на глас (со утврдени побарувања), „против“ гласаа 1.616% од доверителите со право на глас ( со утврдени побарувања) , па се констатира дека, „ЗА“ усвојување на Завршната сметка, Завршниот извештај и извештајот за состојба на предмети изготвен од адвокат Тодор Димов од Велес заклучно со ден 09.10.2024 година гласаа 87,897% од присутните доверителите со право на глас (со утврдени побарувања) , а ,, против ,, гласаа 12,103% од присутни доверители со право на глас ( со утврдени побарувања), така што со мнозинство на гласови се донесе одлука со која се усвојуваат Завршната сметка, Завршниот извештај за стечајната постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци- во стечај и извештај за состојба и фаза на судски предмети изготвен од адвокат Тодор Димов од Велес заклучно со ден 09.10.2024 година. По втората точка од дневниот ред „ЗА“ усвојување на Планот за конечна распределба гласаат вкупно 11,663 % од доверителите со право на глас (со утврдени побарувања), „ против“ гласаат 1.616% од доверителите со право на глас (со утврдени побарувања), па се констатира дека „ЗА“ усвојување на план за конечна распределба на средства гласаа 87,897 % од присутните доверителите со право на глас (со утврдени побарувања), ,,против,, гласаа 12.103% од присутните доверители со право на глас (со утврдени побарувања), така што со мнозинство на гласови се донесе одлука со која се потврди Планот за конечна распределба на средства изготвен од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип, а поднесен во судот на ден 24.07.2024 година, на кој е дадена согласност од Одборот на доверители на седница одржана на ден 12.07 и 19.07.2024 година. По третата точка од дневниот ред „ЗА“ усвојување на предлогот на стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип, гласаат вкупно 100% од присутните доверителите со право на глас (со утврдени побарувања) на собранието на доверители, „против“ не гласаше никој, така што со 100 % гласови од присутните доверителите со

право на глас, се донесе одлука со која се усвојува предлогот на стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип и се предлага стечајниот судија да донесе Решение за заклучување на стечајната постапка над Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци- во стечај, а должникот да не се брише од Трговскиот регистар при Централен регистар на РСМ. При состојба кога вака донесените одлуки на Собранието на доверители се во согласност со законските одредби и е донесена со потребното мнозинство во смисла на чл. 47 ст. 2 в.в. со чл. 197 ст.2 од Законот за стечај, следуваше судот да одлучи како во изреката на решението, а согласно чл. 11 ст. 1 од Законот за стечај.

На ден 29.10.2024 година во судот е примен предлог за заклучување на стечајната постапка од стечајниот управник, во кој наведува дека по извршената конечна распределба на средства од стечајната маса (со петте авансни распределби) и донесените одлуки на Собранието на доверители за усвојување на завршната сметка, завршниот извештај, план за конечна распределба и одлука со која се усвојува предлогот за заклучување на стечајната постапка, а друштвото да не се брише од Трговскиот регистар при ЦР на РСМ, бара согласно чл. 200 од Законот за стечај да се донесе решение за заклучување на стечајаната постапка над должникот, должниот да не се бриште од Трговскиот регистар при ЦР на РСМ, а да се задолжи стечајниот управник да продолжи да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките наброени во извештајот на адвокат Тодор Димов од Велес и да превзема дејствија кои во иднина би настанале, а кои се однесуваат на заштита на стечајната маса и интересите на стечајните доверители.

Со оглед на наведеното следуваше судот согласно чл.200 ст.1 и 2 в.в. чл.11 од Законот за стечај да одлучи како во изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС СТ.бр.10/2018 од 07.11.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од објавување на решението во Сл. весник на РСМ, преку овој суд до Апелационен суд Скопје.
Согласно чл. 12 ст. 8 од ЗС, жалбата не го задржува извршувањето на решението.

ДН: Стечаен управник Димитар Аџиев од Штип
Огласна табла и веб сајт на судот
ЦР на РСМ Велес
АКН Кавадареци